## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Предмет на ревизијата на успешност се активности поврзани со евиденција и координација на проекти финансирани со средства од странска помош во РМ за 2006; 2007 и 2008 година, која се реализира преку соодветните министерства, СЕП на Влада на РМ и други субјекти вклучени во системот за нејзино спроведување.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за постоење на единствени, целосни, вистинити, релевантни, координирани податоци за проектите финансирани со средства од странска помош во РМ во периодот 2006 – 2008 година. Ревизијата на успешност е извршена како активност планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2008 година.

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија.

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања – 01.12.2008 – 29.12.2008 година;
- Извештај од снимањето – 05.01.2009 година;
- Вршење на ревизијата – 08.01.2009 – 20.03.2009 година;
- Анализа на резултати и подготовка на Претходен извештај од спроведена ревизија од 23.03.2009 година.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на надлежните институции со цел објективно презентирање на состојбите кај евиденциите, координацијата и целосноста на податоците за проекти финансирани со средства од странска помош преку институциите во РМ како и од други аспекти од нивното работење.

Со оваа ревизија на успешност е опфатена една област која до сега не била предмет на ревизија – координација, реализација и евидентирање на странската помош во РМ, и која претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Со цел објективно презентирање и подобрување на состојбите со координацијата, реализацијата и евидентирањето на странската помош во РМ, утврдените ризици од прелиминарните истражувања извршени кај сите релевантни институции кои во своето функционирање се поврзани со ревизорската цел, ревизијата на успешност ја постави следната цел:

**Дали во ресорните министерства во РМ кои користат средства/услуги по проекти кои се реализираат со средства од странска помош во РМ, постојат единствени, целосни, вистинити и релевантни податоци за истите?**

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 Опфат и методологија од овој извештај.